**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

**ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ**

# П Р Е Д Л О Г

# ПРОГРАМА И БУЏЕТ ЗА РАБОТА НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ ЗА АКАДЕМСКА 2024/25 ГОДИНА

**Март, 2025**

# ВОВЕД

Од првите избори во 2019 година, ова е шестиот состав на избраните претставници на студентите на Правниот факултет. Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје на изборите од 17 декември 2024 година доби нов состав во износ од нови 23 члена плус тековниот претседател, реизбран на 15 мај 2024 година. Вкупно 8 студенти од прва година, 7 од втора година, по 4 од трета година и од мастер студии со што се претставени три смера на факултетот, и додипломски и постдипломски, и тоа: правни, политички и односи со јавност, додека од новинарскиот смер нема претставници во академската 2024/25 година. За првпат од своето постоење, ФСС дозволи членови кои не се избрани на избори да учествуваат во работата на собранието, со што вкупниот број на членови изнесува 38 членови, после пристапување на 13 надворешни членови, врз основа на претходно поставен повик по социјаните мрежи. На втората седница од 15 јануари, студентското собрание ги избра следните комисии, кои може да ги основа според Статутот, и тоа: комисија за нормативна дејност, комисија за финансии, комисија за наука, комисија за култура и комисија за соработка и комуникации. На следната седница од 15 февруари, веќе беа избрани и координаторите на истоимenуваните комисии. Програмата за работа на ФСС за академска 2024/25 претставува комбинација на идеи кои имаат за цел да пружат што повеќе можности на студентите на Правниот факултет, да ги доближат студентите кон работењето не само на ФСС, туку и на факултетот и адресирање на предизвиците со кои се соочуваме како студенти. Програмата се осврнува кон седум клучни цели: нормативното и тековното работење на собранието, подобрување на студентската комуникација и соработка со останатите тела и организации, зацврстување и подобрување на студентската наука, раздвижување на културниот и забавниот живот на студентите, посветување кон општеството преку општествено корисна и одговорна работа, адресирање и следење на состојбата со студентскиот стандард, како и подобрување на финансиското работење на собранието.

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

**Т О Ч К А 1.**

ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ЗА АКАДЕМСКА 2024/25 ГОДИНА

# П Р О Г Р А М А З А Р А Б О Т А

## I. НОРМАТИВНА И ТЕКОВНА ДЕЈНОСТ

- Изготвување на пречистен текст на Статутот;
- Изготвување на нацрт меморандуми за потребни документи за работа: барања, молби, заклучоци, препораки, ставови и сл;
- „Документирано ФСС“: Создавање на база на податоци која ќе ги содржи сите материјали за работата на ФСС која ќе биде одделна од официјална платформа на факултетот – предвидена платформа Google Drive;
- „Транспарентно ФСС“: јавна транспарентност на сите документации на Факултетскoто студентско собрание на веб страницата на факултетот (pf.ukim.edu.mk);
- Избор и обучување на записничар/и;
- Изготвување на предлог-решенија за подобрување на квалитетот на студиите.

## II. СТУДЕНТСКИ КОМУНИКАЦИИ И СОРАБОТКА

- Изговување на „Понуда на Правен“: анализа на сите можности што ги нуди факултетот на своите студенти преку разговор и прибирање информации од релевантни чинители, како: научни институти, правни клиники, професори, невладини организации во делокруг на факултетот;
- Подобрување на комуникацијата со студентите преку социјалните мрежи;
- Активна соработка со студентските собранија на единиците на УКИМ и студентското собрание на УКИМ;
- Поддршка и промовирање на студентите од Правниот факултет кои учествуваат на разни домашни и странски манифестации на кои се промовира/застапува факултетот;
- Склучување меморандуми и овозможување можности за студентите на Правниот факултет со организации, фирми кои имаат конекција со факултетот;
- Зголемена активност на платформите (Instagram, Facebook, Discord, Viber);
- Реализирање на Discord каналот за студентите на факултетот;
- Реализирање на проектот од претходниот мандат на ФСС поврзан со соопштување за студентските права и обврски;
- Креирање интересни објави, reels и видеа со едукативна содржина;
- Спроведување анкети и квизови за зголемување на ангажманот на студентите;

- Поврзување на студентите со алумни-клубови и надворешни организации;
- Организирање на отворени седници и неформални дружења за стимулирање на комуникацијата;
- Организирање различен giveaway со награди со мерчендајзинг од ФСС.

## III. СТУДЕНТСКА НАУКА

- Организирање на традиционалниот „Конгрес на правото“;
- Активно учество во промоција на дипломирани студенти и магистри на факултетот;
- Активно учество во стручното студентско списание на Правниот факултет „Јустинијан Први“: Iustinianus Primus Student Law Review;
- Воспоставување контакти и соработка со студентски собранија од соседните земји;
- Евалуација на постојните наставни програми и предлози за нивно подобрување;
- Настојување да се вклучи повеќе практика во наставата;
- Организирање на дебати и дискусии повод различни наративи;
- Поддршка на студентите при изработка на трудови, практични совети и менторирање.

## IV. СТУДЕНТСКИ ЗАБАВЕН И КУЛТУРЕН ЖИВОТ

- Изготвување на нацрт план за нови студентски простории за студентите на Правниот факултет, кој би вклучувале: неформален дел (пинг понг, маси и столици за седење), формален дел (канцеларија на ФСС) и работен простор наменет за потребите на Центарот за студентска дебата;
- Организирање на „Ориентациски ден – ден за бруцоши“;
- Поддршка и промоција на традиционалната ораторска вечер на факултетот;
- Подобрување на студентскиот неформален живот преку организирање на студентски забави, хуманитарни настани (журка, базар, донаторски кутии, зголемена соработка со хуманитарни и добротворни организации, студентски свирки);
- Организирање на кино вечер со едукативен филм со адекватна содржина (историја, право, држава);
- „Open mic“ настани;
- Активна помош и координирање при организирање на апсолвентски забави и забави кои произлегуваат од овој карактер;
- Промоција на ден на културата преку културни активности и мултимедијални содржини (ден на македонска култура и насловни настани во соработка со други организации);
- Организирање на посети на трите гранки на власта – со посебен осврт на голема посета на претседателот на државата;
- Организирање на посети на различни институции врзани со тоа студиските програми на факултетот;
- Организирање на посети на институции од областа на уметноста;
- Апликација „пешачање“ во соработка со надлежниот купец на бифетеријата на факултетот: наградна игра во која со одредена бројка на чекори, добивате поени за купување на продуктите од бифето);

- Human library: концепт за споделување на лични приказни преку организирање на панел дискусија и промовирање на социјалните мрежи.

## V. СТУДЕНТСКА ОДГОВОРНА РАБОТА

- Организирање на крводарителски акции;
- Организирање на донаторски акции од различен карактер;
- Подигнување на свеста повод различни идеи;
- Разгледување на можности за отргнување на графитите на споредните влезови на факултетот и
- Настани поврзани со екологијата.

## VI. СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

- Следење на ситуацијата со студентските трошоци врзани со студирањето на студентите на Правниот факултет, но и компаративно;
- Следење на загрозеноста на студентските права во координација со студентскиот правобранител на факултетот;
- Адресирање на клучните инфраструктурни проблеми кои го отежнуваат секојдневието на студентот: парното греење, неадекватни амфитеатри и сл;
- Промовирање на функцијата студентски правобранител на факултет со цел запознавање на студентите одблиску со оваа функција;

## VII. ФИНАНСИИ

- Барање на финансиски средства од Факултетот;
- Контактирање на адвокатски канцеларии, нотари, правнички друштва, фондации, претпријатија, амбасади за финансиска поддршка;
- Остварување партнерства со компании (приватни донатори) за долгорочна финансиска поддршка;
- Зголемување на бројот на студентски настани преку финансиски соработки со невладини организации;
- Иницијативи за собирање на средства за реновирање на инфраструктурата (пример: поправка на столчињата во амфитеатрите);

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

**Т О Ч К А 2.**

ПРЕДЛОГ БУЏЕТ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ЗА АКАДЕМСКА 2024/25 ГОДИНА

| **ПРЕДЛОГ БУЏЕТ** | |
|---|---|
| 1. **Тековни трошоци за активности предвидени со програмата за работа на ФСС**<br>• **Материјали и канцелариски материјали** – Печатење, рекламни материјали, флаери, банери.<br>• **Освежување и кетеринг** – Закуски и освежување за учесници на настаните организирани од ФСС.<br>• **Техничка поддршка и маркетинг и промоција** – Аудио-визуелна опрема и документирање, постери, реклами.<br><br>• *Средствата ќе бидат наменети за навремена и квалитетна реализација на програмските активности. | |
| 2. **Останати трошоци**<br>• **Останати рекламни материјали –** Тетратки, пенкала и друг материјал за административна работа.<br>• **Непредвидени трошоци** – Средства за итни потреби во рамки на работата на ФСС. | |
| **В К У П Н О (во МКД):** | **60,000.00** |

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

Данило Крстовски